# ТРАНСФОРМАЦИЈА НА СИСТЕМОТ НА НАТПРЕВАРИ ВО УЧИЛИШНИОТ СПОРТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Александар Туфекчиевски, Ангел Ангелов, Герман Боглев**

*Федерација на училишен спорт на Македонија*

Почетоците на организирана спортска активност во рамките на училишниот спорт во Република Македонија датираат од учебната 1971/72 година, кога тогашниот систем на натпревари бил сличен со сегашниот, односно турнирски, со квалификации од општински до државни првенства.

Со поддршка од Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт, во учебната 2006/07 година, за првпат во Република Македонија беа спроведени натпревари во лига систем и тоа за основни училишта ракомет во женска конкуренција и мал фудбал во машка конкуренција, а за средни училишта кошарка и мал фудбал само во машка конкуренција. Лигите броеја по шест екипи - две од источниот регион на Македонија, две од западниот и две од скопскиот регион. До бројката од шест екипи се дојде преку квалификации, почнувајќи од општинските и зонските, односно регионалните натпевари. Секоја екипа одигра по десет натпревари, пет дома и пет во гости, а истите беа спроведени на високо ниво.

Тенденцијата на Министерството за образование и наука и Агенцијата за млади и спорт е во наредната учебна 2007/08 година да се спроведат четири лиги во спортските игри, по две во основните и средните училишта и една лига во индивидуален спорт во основните училишта.

Се поставува прашање дали да се дуплираат првенствата по досегашниот класичен csстем и новиот лига систем. Наш предлог е досегашниот класичен (турнирски систем) да згаснува онаму каде што има лига систем, се дотогаш додека во сите категории не заживее натпреваувањето во лига систем. Онаму каде што ќе биде спроведен лига систем, до шесте екипи може да се дојде на сличен начин како кај досегашниот класичен систем.

Пример:

- од 1.10 до 31.10 во годината општински квалификациони натпревари. Во оние општини каде што има најмалку шест екипи (важи само за основните училишта) се исфрла еден претставник за зонски натпревари. Во општините каде што има помалку од шест екипи се врши групирање да се добијат најмалку шест екипи. Би било најдобро ин а зонските натпревари да има по шест екипи.
- Од 1.11 до 15.11 зонски квалификациони наптпревари
- Од 15.11 до 15.12 регионални квалификациони натпревари
- 15.2 до 15.5 државен лига систем.

Бидејќи средните училишта се во помал број можеби ќе нема потреба од општински натпревари освен во Скопје, а календарот за исфрлање на шесте претставници за државната лига ќе биде приближно еднаков како за основните училишта.

Се поставува прашањето за малите олимписки игри и гимназијадите. Предлагаме малите олимписки игри и гимназијадите да се организираат на секоја на четврта година како светската олимпијада, така што би имале на секои две години или мали олимписки игри или гимназијада. Главна причина за ова е изборот на местото на одржување и проблемот околу сместување на големиот број на учесници. Досега како организатори беа опфатени сите поголеми градови во Македонија. Исто така на олимпијадите предлагаме учество на екипите од лига систем, каде последните кола ќе се вклопат во програмата.

За учебата 2007/08 година за натпреварите во лига систем ги предлагаме следните спортови:

| ОСНОВНИ УЧИЛИШТА |
|---|
| Мал фудбал - машки |
| Ракомет - женски |
| Пинг-понг - мешано |
| **СРЕДНИ УЧИЛИШТА** |
| Кошарка - машки |
| Одбојка - женски |